РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 21-76/9
24. 02. 2020 Год.

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Крушево, на ден 24. 02. 2020 година, донесе

Архивски знак 2102
Рок на чување трајно
201_ год. Потпис
КРУШЕВО

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одмoралиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страна на Општина Крушево, на следната веб адреса: http://krusevo.gov.mk/ .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелско-туристичко рекреативен комплекс (постојно детско одмoралиште „Шула Мина“) со придружни содржини, на КП 2202-дел, 2203, 2204, 2201-дел и 2958/1-дел, КО Крушево-вон град, Општина Крушево, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет е предвидена следнава класа на намена: Б - комерцијални и деловни намени, основна класа на намена Б5-хотелски комплекси.

Според ова при реализација на предвидената класа на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.** 21-76/9

**од** 24.02.2020

**Место** Крушево

**Општина Крушево**

**Градоначалник**

**м-р Томе Христоски**

Х.Томе